**ОПШТИНА КРАТОВО**
*Плоштад Маршал Тито бр.1*
*тел: **031 481 202**; факс: **031 481 202***

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Мисијата на Општина Кратово е преку ефикасно, ефективно и економично користење на средствата да се обезбедат подобри јавни услуги и подобра животна средина на ГРАЃАНИТЕ во Општината.

Визијата на Општина Кратово е со напредни идеи да се зголемат изворите на средства за финансирање на јавните институции и обезбедување на висок квалитет на јавните услуги со што ќе се создава здрава и квалитетна животна средина за граѓаните на општината, како и обезбедување на транспарентност и отчетност за користењето на средствата.

Главни цели на Општината се:

- Исполнување на потребите на ГРАЃАНИНОТ во согласност со расположливиот буџет, предвидените програми, поставените рокови, позитивните законски прописи и меѓународните стандарди.
- Постојано информирање на граѓаните, воспоставување на професионални и партнерски односи со граѓаните и добавувачите.
- Идентификација на потребата, брза и прецизна проценка на проблемот, избор на стретегија, реализација на стратегија.
- Обука за зајакнување на индивидуалните способности и одговорност на персоналот за комуникација, потикнување и интеграција на иницијативи, прилагодување на промените за управување со техничката и физичката средина во која работи.
- Грижа за правото на сопственост на имот, како универзална категорија, преку заштита на имотот на општината.
- Почитување на сегашните и прилогодување на идните законски регулативи за управување на животната средина со цел да го минимизираме влијанието врз животната средина.
- Да обезбедиме и создадеме клима на доверба кај ГРАЃАНИНОТ за квалитетот на работењето на Општинската администрација.
- Задоволството на ГРАЃАНИНОТ е основна и единствена мерка на успехот на Општинската администрација и гаранција за проспиритет на Општината.